РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 08 - 407
18.12.2020 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 13 став 3, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-392 од 11.12.2020 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-4556/3 од 17.12.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, донесе:

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

## Образложение

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 44-та седница одржана на 10.12.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4478/2 од 10.12.2020 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-392 од 11.12.2020 година со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата кој врши дејност на локално ниво, не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија, односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што е спротивно на член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и претставува основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 13 став 3, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-392 од 11.12.2020 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-4556/3 од 17.12.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Заменик на Претседателот на Советот,**

**д-р Милаим ФЕТАИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.